**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К

од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јануари 2021 година

Скопје, јануари 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јануари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и Башки Асани, заменик на министерот за одбрана, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски, од Канцеларијата на претседателот на Република Северна Македонија и Коста Петров, директор на Фондот за иновации технолошки развој.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 32-та седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 36-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2020 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Степен на реализација на капиталните инвестиции

1. Записник од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 јануари 2021 година

2. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

3. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на Финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на

Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука

4. Информација за ангажирање на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија за детектирање на неексплодирани експлозивни средства за потребите на проектот ПВЕ Богданци II фаза

5. Информација со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст и Предлог-одлука

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија на Катастарот на недвижност КП 3577-1 КО Буково ДП-03-2/2020 КО Битола

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенија за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди/одлуки (разна стока, оружје и муниција) во кривична и прекршочна постапка

8. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 16 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда (2)

9. Барање за тампонирање на патот од Ангелци кон КПД Струмица

10. Предлог на закон за буџети

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка

12. Информација за напредок во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со септември 2020 година

13. Информација за потребата од донесување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управата за јавни приходи, со Предлог-одлука

14. Тарифник за вредност на работите од урбанистичко планирање усвоен на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери

15. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

16. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Малка“ с.Мали Влај, Општина Струга 1/2020 (Службен весник на Република Северна Македонија бр.250/20), со Предлог – одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Петралица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотонапонска централа „Гарниково“ со електричен вод за приклучок КО Гарниково, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, КО Горно Лисиче-вонград, Општина Кисела Вода, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола 1/2, Општина Битола, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од локален пат Л600 1955 37(стар пат Прилеп-Скопје) до концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот с. Беловодица, КО Беловодица, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-старски дом, КО Куклиш-вон г.р., Општина Струмица, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов мост бр.4 на р. Пчиња на регионален пат Р2136, на делница Ржаничино – Долно Коњаре на км 7+165,00 КО Долно Коњаре, Општина Петровец, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на наплатна станица „Кадрифаково“ на автопат А4, делница: Миладиновци-Свети Николе-Штип КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со Предлог-одлука

27. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Предлог Решение

28. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините

29. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Арачиново

30. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

31. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – травертин на локалитетот „Свиларе“ во атарот на с. Свиларе Општина Сарај

32. Информација со Предлог - одлука за продажба на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија

33. Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

34. Информација за усвојување на Ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан

35. Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита

36. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ

37. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ

38. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за период јануари 2021 – декември 2023 година

39. Информација за изменување на дадена согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ УК радиотерапија и онкологија - Скопје

40. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги КАННА ИНТЕР ФАРМ ДООЕЛ извоз-увоз Велес за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

41. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Охрид (3 патнички моторни возила)

42. Информација со Предлог-одлука за отстапување на лекови – инсулин за хумана употреба од стоковите резерви, без надомест

43. Информација со Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

45. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.29/2020 од 3 декември 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15)

46. Понуда од нотар Џеват Бучи за купопродажба на недвижен имот со КП 4146, дел 1 и КП 4146, дел 16, запишани во Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1 и КП 4146, дел 2 запишано во Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1

47. Кадровски прашања

48. Прашања и предлози

49. Информација за прогресот на реализација на новиот текст на Акцискиот план според наодите и препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика

50. Тримесечен извештај за работењето на „Железници на Република Северна Македонија – Транспорт“ А.Д. – Скопје, за период 1 јули – 30 септември 2020 година

51. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период април-јуни 2020 година

52. Информација за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари ( за период од 1 јануари 2020 година до 15 декември 2020 година)

53. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2019 година, ревидирани финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

54. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година

55. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2021 година

56. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година

57. Предлог-програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2021 година

58. Предлог -програма за остварување на социјалната заштита за 2021 година

59. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

60. Информација за иницијатива за доделување на признанија на здравствените работници кои се вклучени во справување со пандемијата од Коронавирус COVID-19

61. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, со Предлог-одлука

62. Информација со Предлог-план за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците вработени преку Програма К-5

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 32-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2020 година, Записникот од 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2020 година и Записникот од 36-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2020 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Степен на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 јануари 2021 година.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2020 година, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на Финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната

годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво „Градски трговски центар“ - Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за ангажирање на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија за детектирање на неексплодирани експлозивни средства за потребите на проектот ПВЕ Богданци II фаза, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата го задолжи Министерството за одбрана со надомест да ангажира ресурси за испитување на теренот предвиден за реализација на проектот ПВЕ Богданци II фаза, со цел детектирање на можни неексплодирани експлозивни средства во опфатот на проектот.

Исто така, да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи директорот на Фондот за иновации и технолошки развој пред објавување на конечната одлука од Комитетот за одобрување на инвестиции, истата информативно да ја достави до Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, кој што да ги информира членовите на Владата, со цел превенција од можен етички или законски судир на интереси и истите во рок од пет дена да го информираат директорот на Фондот за иновации и технолошки развој за евентуално постоење на законски или етички судир на интереси.

Доколку во рок до пет дена членовите на Владата не се изјаснат ќе се смета дека немаат коментар по одлуката.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност КП 3577-1 КО Буково ДП-03-2/2020 КО Битола и условно ја донесе

Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ги разгледа предлог-одлуките за давање согласност на решенија за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди/одлуки (разна стока, оружје и муниција) во кривична и прекршочна постапка и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Основен кривичен суд Скопје (нов текст) и

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, во предложените текстови.

Истовремено, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (09-3465/2), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (09-3464/2), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крушево (09-3469/2), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправна установа - затвор Прилеп (09-3458/2), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кавадарци (09-3456/2), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кавадарци (09-3457/2), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Крива Паланка (09-3468/2), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Центар Жупа (09-3463/2), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Струга (09-3461/2), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Град Скопје (09-3460/2), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (09-3467/2), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (09-3466/2), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-3462/2), во предложениот текст.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-3454/2), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-3455/2), во предложениот текст.

16. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина (09-3459/2), во предложениот текст.

17. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за надворешни работи, во предложениот текст.

18. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна

пресуда на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа Барањето за тампонирање на патот од Ангелци кон КПД Струмица и притоа заклучи:

- Се препорачува на Општина Василево да упати барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за обезбедување на финансиски средства за тампонирање на патот од Ангелци кон КПД Струмица, преку Програмата за капитални трансфери за плански региони за 2021 година, со цел надминување на ова прашање.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за буџети и условно го утврди новиот текст на Предлогот на закон што дополнително треба да се достави поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство (потребно е да се доставaт нови кореcподентни табели, изјава за усогласеност и слично) и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезоски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Костовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка, го утврди текстот на Предлогот на закон усогласен со Секретаријатот за законодавство и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Ардиан Џеладини, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со септември 2020 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии континуирано на секои 12 месеци да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на Проектот се до неговото завршување, односно до септември 2022 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управата за јавни приходи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управата за јавни приходи, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање усвоен на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Малка“ с. Мали Влај, Општина Струга 1/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.250/20), со Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Малка“ с. Мали Влај, Општина Струга 1/2020, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.250/20.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина –

варовник на Трговското друштво за трговија и услуги „АСНЕРА 96“ ДООЕЛ с. Франгово Струга на локалитетот „Малка“ с. Мали Влај Општина Струга, во предложениот текст.

Исто така, Министерството за економија да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Петралица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Петралица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Петралица, Општина Ранковце, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотонапонска централа „Гарниково“ со електричен вод за приклучок КО Гарниково, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотонапонска централа „Гарниково“ со електричен вод за приклучок КО Гарниково, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, КО Горно Лисиче вон град, Општина Кисела Вода, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и

незагадувачка индустрија, КО Горно Лисиче вон град, Општина Кисела Вода, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола 1/2, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси  КО Битола 1/2, Општина Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на  објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на  објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште  за изработка на Проект за инфраструктура  за изградба на пристапен пат од локален пат Л600 1955 37 (стар пат Прилеп-Скопје) до концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот с. Беловодица, КО Беловодица, Општина Прилеп, со Предлог-одлука,  ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката  за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура  за изградба на пристапен пат од локален пат Л600 1955 37 (стар пат Прилеп-Скопје) до концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот с. Беловодица, КО Беловодица, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување - старски дом, КО Куклиш-вон г.р., Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна

пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-старски дом, КО Куклиш-вон г.р., општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов мост бр.4 на р. Пчиња на регионален пат Р2136, на делница Ржаничино – Долно Коњаре на км 7+165,00 КО Долно Коњаре, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов мост бр.4 на р. Пчиња на регионален пат Р2136, на делница Ржаничино – Долно Коњаре на км 7+165,00 КО Долно Коњаре, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на наплатна станица „Кадрифаково“ на автопат А4, делница: Миладиновци-Свети Николе-Штип КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на наплатна станица „Кадрифаково“ на автопат А4, делница: Миладиновци - Свети Николе - Штип КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со укажување дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Арачиново, во предложениот текст.

Истовремено, Министерството за транспорт и врски да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со укажување дека е потребно во предложената Предлог – одлука да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – травертин на локалитетот „Свиларе“ во атарот на с. Свиларе Општина Сарај, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Министерството за економија да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог – одлука за продажба на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија (текст усогласен со Агенцијата за катастар на недвижности), во предложениот текст.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја спроведе Одлуката за продажба на недвижни ствари, односно во рок од 7 дена да достави подавка преку нотар за продажба на недвижните ствари во сопственост на Република Северна Македонија.

3. Доколку не се спроведе продажбата на недвижните ствари преку подавка од нотар, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изврши продажба на недвижните ствари по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи.

**Точка 33**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Ревидираната единствената листа на проекти дадена како Прилог 1 кон Информацијата за усвојување на ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, да го внесе проектот за наводнување финансиран со заем од КфВ банката во единствената листа на проекти, заедно со пополнети обрасци за проектот до 8 јануари 2021 година.

3. Се задолжуваат сите институции кои сакаат да аплицираат на повиците објавени во рамките на ВБИФ за техничка помош и инвестициски грант, да ја почитуваат процедурата за аплицирање преку обезбедување на позитивни мислења од меѓународните финансиски институции, Министерство за финансии и надлежните министерства (доколку се работи за јавни претпријатија) до 25 јануари 2021 година и за истото да го известат Секретаријатот за европски прашања што во соработка со Министерството за финансии и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе изготви конечна листа на проекти и ќе ја достави до Владата на Република Северна Македонија, на одобрување.

4. Се задолжуваат заинтересираните институции да обезбедат кратки информации за проектите со кои ќе аплицираат до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 8 февруари 2021 година за првата фаза на аплицирање.

5. Се задолжуваат заинтересираните институции да обезбедат целосни апликации заедно со позитивните мислења во електронска и писмена форма за проектите со кои ќе аплицираат до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 20 февруари 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за економија да ги достави обрасците за проценка на стратешка важност (ГРИД) до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 11 јануари 2021 година.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги достави обрасците за проценка на стратешка важност (ГРИД) до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 11 јануари 2021 година.

8. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги достави обрасците за проекти од секторската единствена листа на проекти, образец за идентификација на проектот и образец за проценка на стратешка важност (ПИФ и ГРИД) до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 11 јануари 2021 година.

9. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања ревидираната единствена листа на проекти да ја објави на својата веб-страницата, во рок од седум дена од усвојувањето на Информацијата за усвојување на Ревидирана единствена листа на проекти усогласена со Економскиот и инвестициски план на Европската Унија за Западниот Балкан.

10. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања ревидираната единствена листа на проекти да ја достави до Европската комисија во рок од седум дена од усвојувањето на Информацијата.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за социјалната заштита (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници, Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот јануари 2021 - декември 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за здравство за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот јануари 2021 – декември 2023 година во вкупна вредност од 1.300.560.154,00 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 2021 година --------- 433.520.052,00 денари
- 2022 година --------- 433.520.051,00 денари
- 2023 година --------- 433.520.051,00 денари

2. Го задолжи Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на дадена согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ УК радиотерапија и онкологија – Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за изменување на дадената согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот (број 45-6828/1 од 22.10.2019 година), за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје во вкупна вредност од 92.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-36.950.000,00 денари во 2021 година од кои дел се авансно плаќање по доставена банкарска гаранција и прва рата по нејзино клиничко ставање во функција,
-27.650.000,00 денари во првиот квартал од 2022 година и
-27.900.000,00 денари во првиот квартал од 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2021, 2022 и 2023 година.

3. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје да утврди цени за услугите на новата машина за вршење на зрачна терапија и истото соодветно да го предвиди во буџетот на Клиниката од 2020 година па понатаму.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „КАННА ИНТЕР ФАРМ ДООЕЛ“ извоз-увоз Велес за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „КАННА ИНТЕР ФАРМ“ ДООЕЛ извоз-увоз Велес, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Охрид (три патнички моторни возила), во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за отстапување на лекови – инсулин за хумана употреба од стоковните резерви без надомест, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отстапување на лекови – инсулин за хумана употреба од стоковните резерви без надомест, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

1. Во однос на членот 2 од предложениот закон, со кој во членот 2 од Законот за државјанството на Република Македонија се додава нов став 3, кој предвидува дека „Државјанин на другите републики во поранешната СФРЈ и државјанин на поранешна СФРЈ кој до 8 септември 1991 година, односно до времето на прогласување на независноста на Република Македонија живеел на територијата на Република Македонија, се смета за државјанин на Република Северна Македонија и се стекнува со државјанство на Република Северна Македонија доколку ги исполнува условите предвидени со овој закон", како и предложениот нов член 26-а, кој пропишува дека „Со денот на влегување во сила на овој закон лицата државјани на другите републики во поранешната СФРЈ и државјани на поранешна СФРЈ кои до 8 септември 1991 година живееле на територијата на Република Македонија можат да поднесат барање за да се стекнат со државјанство по сила на овој закон, со дадена изјава од тројца сведоци кои ќе сведочат дека подносителот за добивање на државјанство живеел на територијата на Република Македонија до 8 септември 1991 година или со дадена изјава од сведок кој во тој период бил жител или сеуште е жител во местото во кое живеело лицето".
Се укажува дека во двете предложени решенија не се јасно дефинирани неколку аспекти и тоа:

- начинот на стекнување на државјанство, односно дали се мисли на констатација или утврдување на државјанскиот статус на што асоцираат употребените термини „се смета" и „по сила на овој закон" или за стекнување на државјанство во постапка со природување со оглед дека во предложениот став 3 во членот 2 се наведува дека овие лица ќе се стекнат со државјанство на Република Северна Македонија доколку исполнуваат услови предвидени со овој закон, дефинирани во новиот член 26-а: да живееле во Република Македонија до 8 септември 1991 година и да приложат изјава од сведоци за истото. Разликата меѓу двата начина на стекнување на државјанство е суштинска, бидејќи со констатацијата и утврдување на државјанскиот статус се сметаат за државјани ретроактивно од моментот на нивно раѓање (што ќе има импликации и врз државјанството на нивните потомци, одредени права поврзани со државјанството, како на пример денационализација и слично), а со природување стекнуваат

државјанство на Република Северна Македонија од моментот на врачување на решението за прием во државјанство;

- не е јасно дефинирана категоријата на лица за која се предвидени наведените норми бидејќи во истите се предвидува тие лица „да живееле" до 8 септември 1991 година без прецизирање на период што буквално толкувано може да биде во денови, месеци или години и не упатува на било каква ефективна поврзаност со Република Северна Македонија по овој период, што остава простор за широко толкување на истите. Имено, задолжително треба да се има во предвид дека во периодот на постоење на поранешната СФРЈ миграцијата на граѓаните во и меѓу републиките била голема и со преселување и пријавување на живеалиште, меѓутоа и на одреден кус рок од различни причини: упатување на работа на воени лица, служење воен рок, студирање, времена работа и слично;

- не се јасно дефинирани условите за стекнување на државјанство наведените норми (како што е погоре наведено), ниту се предвидени проверливи докази преку кои ќе се оцени исполнетоста на истите (преку увид во службени евиденции, докази за живеењето во Република Северна Македонија приложени од странките, ефективна поврзаност со членови на потесно семејство кои живеат во Република Северна Македонија и се стекнале со државјанство на Република Северна Македонија и слично).

Во однос на наведеното, неопходно е да се има предвид дека Република Северна Македонија од осамостојувањето во два наврати во Законот за државјанството на Република Македонија предвиде преодни одредби за лицата државјани на поранешната СФРЈ кои по сукцесијата беа затекнати во државата и тоа во 1992 година - со рок на важност од една година и преку која околу 61.000 лица се стекнаа со државјанство и во 2004 година - со рок на важност од две години, кога околу 5.000 лица се стекнаа со државјанство на Република Северна Македонија по тој основ. Двете преодни одредби во целост беа во согласност со делот за сукцесија од Европската конвенција за државјанство (потпишана и ратификувана од Република Северна Македонија), според која во случај на сукцесија земјата потписничка ќе ги почитува правилата на Европската конвенцијата за државјанство особено заради избегнување на состојба на бездржавјанство како и за вистинската и ефективна врска на засегнатото лице со државата, живеалиштето на лицето во време на сукцесијата, волјата на засегнатото лице и територијалното потекло на лицето.

Во предложениот закон овие одредби не се предвидени како преодни, односно не е предвиден рок во кој ќе можат да се стекнат со државјанство засегнатите лица.

2. Во врска со решението содржано во членот 3 од предложениот закон, со кој во членот 6 ставот 2 се брише, се укажува дека членот 6 од Законот за државјанството на Република Македонија е во насока на превенција од без државјанство и се однесува на стекнување на државјанство на деца најдени или родени на територија на Република Северна Македонија од непознати родители или родители со непознато државјанство или без државјанство. Ставот 2 од овој член предвидува дека на детето кое на овој начин стекнало државјанство на Република Македонија,

државјанството ќе му престане ако до наполнети 15 години живот се утврди дека родителите му се странски државјани и доколку детето нема да остане без државјанство. Оваа одредба е во согласност со Европската конвенција за државјанство и е во насока на заштита на правата на детето во смисла на овозможување на добивање на државјанство на детето, на државата чии државјани се родителите бидејќи голем број држави не признаваат двојно државјанство. Компаративно, иста или слична одредба е предвидена и во законодавствата на државите во регионот.

Во однос на овој предлог евентуални измени можат да се предвидат во насока на предвидување можност губењето на државјанството на Република Северна Македонија да е по барање на родителите, но не и целосно бришење на ставот 2 од наведениот член.

3. Во однос на членот 4 од предложениот закон, со кој се предвидува во членот 7 став 1 точка 2 од Законот за државјанството на Република Македонија зборовите „осум години“ да се заменат со „четири години“, се укажува дека членот 7 од Законот на државјанството на Република Македонија ги утврдува основните услови за натурализација односно стекнување на државјанство на Република Северна Македонија по пат на природување. Меѓу другото, еден од условите е апликантот законски и постојано да живее во Република Северна Македонија најмалку осум години. Цензусот од осум години е целосно во согласност со Европската конвенција за државјанство (според која е предвидено не повеќе од 10 години) и соодветно согласување беше направено во 2004 година кога истиот од 15 години беше намален на 8 години.

Стекнувањето на државјанство е највисокиот степен на интегрирање на странците во општеството, на кој по природа на нештата треба да претходи добивање на постојан престој во државата. Со евентуално прифаќање на предложената измена, овој услов за стекнување државјанство на Република Северна Македонија ќе биде сведен на пониско ниво од условот за добивање на постојан престој (5 години), што дополнително може да предизвика импликации и во Законот за странци* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19).

За разлика од Законот за државјанството на Република Македонија, законодавствата во соседството предвидуваат пред добивањето на државјанство странецот задолжително да има одобрено постојан престој, што претставува своевиден дополнителен „филтер“ пред конечната интеграција на странецот во државата.
3.1 Во однос на предложената измена на точката 6 од истиот член, со која истата пропишува „да владее најмалку еден од службените јазици во Република Северна Македонија до тој степен да може лесно да се разбере со околината“, наспроти постојното законско решение кое пропишува „да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината“, не е јасна интенцијата на предлагачот во однос на примената на одредбите од Законот за употреба на јазиците (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 7/19), во

корелација со оваа одредба од Законот за државјанството на Република Македонија, во смисла дали ќе се одредува службениот јазик според местото на поднесување на барањето за државјанство или се мисли на примена на службени јазици на централно ниво. Дополнително не е дефинирано дали оценката на условот ќе зависи од желбата на подносителот на барањето за државјанство или Комисијата при Владата на Република Северна Македонија надлежна за оценката на овој услов, ќе спроведе испит на кој ќе се оценува познавањето на службените јазици, а позитивно мислење ќе добие странецот кој познава најмалку еден од службените јазици.

Истовремено, се поставува и прашањето за различниот пристап и нееднаквоста на странците пред Законот, бидејќи за разлика од македонскиот јазик останатите службени јазици кои се во употреба во Република Северна Македонија, се мајчини јазици во други држави, со што странците кои се државјани на тие држави ќе бидат во повластена положба во однос на исполнување на овој услов.

3.2 Во врска со предложената измена на точката 7 од истиот член, каде по зборовите „Република Македонија“ се предлага да се додадат зборовите „која е во сила во моментот на поднесувањето на барањето“, што се однесува на условот „да не е изречена забрана за престој во Република Македонија“, треба да се имаат во предвид следниве прашања поврзани со заштитата на интересите на државата:

- може да се случи изрекување на ваква мерка во текот на постапката за стекнување на државјанство која ќе значи и прекин на дозволата за престој, а од друга страна еден од условите за стекнување за државјанство е одреден цензус за престој во државата (осум години за редовна натурализација и една година по основ на брак со државјанин на Република Северна Македонија), што значи дека по прекинот на престојот ваквите лица нема да го исполнат овој услов;

- во нашето законодавство постојат неколку основи за стекнување на државјанство според кои регулиран престој во Република Северна Македонија не е услов за стекнување на државјанство, а услов е да не е изречена горе наведената мерка, па прашање кое се наметнува е основаноста за стекнување на државјанство на лица кои не живеат во државата, а ги прекршиле правилата за странци во одреден период.

3.3 Во однос на предложената интервенција со која точката 8 од истиот член се брише, се укажува дека согласно постојното законско решение, еден од условите предвидува „приемот во државјанство на Република Македонија да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија“, за што соодветно мислење дава Агенцијата за национална безбедност.
Во овој контекст, треба да се има предвид, пред се прашањето за заштитата на интересите на државата. Дополнително, постојната одредба е во согласност со Европската конвенција за државјанство според која секоја држава ќе одреди според својот закон кои се нејзини државјани. Законодавствата во опкружувањето имаат одредби кои за разлика од нашето решение, се дискрециони и предвидуваат дека барањето за стекнување на државјанство и покрај исполнетоста на сите услови

може да биде одбиено ако тоа го бараат интересите на државата, додека Законот за државјанството на Република Македонија предвидува задолжително причините за одбивање по овој основ да бидат образложени. И во овој случај, исто како и кај цензусот за престој, добивањето постојан престој ќе биде подигнато на повисоко ниво од стекнувањето на државјанство, бидејќи според Законот за странците* во оваа постапка се добива мислење од Агенцијата за национална безбедност.

4. Во врска со предложениот член 5, со кој се врши интервенција во членот 7-а од Законот за државјанството на Република Македонија, на начин на кој зборовите „најмалку шест“ се заменуваат со зборовите „најмалку четири“, се укажува дека со постојното законско решение како услов за стекнување на државјанство предвидува лице без државјанство или со признат статус на бегалец законски и постојано да живее шест години на територијата на Република Северна Македонија. За разлика од редовната натурализација каде што е предвидено осум години престој, со ова законско решение за наведената ранлива категорија на странци предвиден е помал законски цензус за престој, а со предлогот двете категории на странци се изедначуваат. Оттука, укажуваме дека во однос на предложеното решение, остануваме на мислењето содржано во точка 3 (кое се однесува на предложените измени во членот 7 став 1 точка 2).

5. Во однос на членот 8 од предложениот закон, со кој во членот 8 од Законот за државјанството на Република Македонија во ставот 1 по зборот „прво“ се додаваат зборовите „и второ“, а бројот 10 се заменува со бројот 9, се укажува дека наведениот член 8 од постојниот закон, е привилегирачка одредба за стекнување на државјанство на иселеник од Република Северна Македонија и негов потомок до прво колено и за истите не е услов законски да престојуваат на територијата на Република Северна Македонија. Ваквата одредба во нашето законодавство е поширока од насоките дадени во Европската конвенција за државјанство, според кои секоја земја ќе овозможува во случаите и под услови пропишани со закон, повторно стекнување на државјанство од страна на поранешни државјани кои законски и постојано живеат на нејзината територија. Од друга страна, треба да се има во предвид дека во постојниот закон има одредба која овозможува и потомците од второ колено да се стекнат со државјанство на Република Северна Македонија, а тоа е членот 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, кој меѓу другото, предвидува дека со државјанство на Република Северна Македонија може да се стекне и странец чие примање во државјанство е од особен национален интерес.

Согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен, научен, економски, културен спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/05, 161/12 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/19), која ги дефинира критериумите за постоење на ваков интерес, предвидено е дека особен национален интерес постои за странец кој не е иселеник од Република Северна Македонија ниту негов потомок до прво колено и ако меѓу другото е по потекло од Република Северна Македонија, а живее надвор од нејзините граници и го познава македонскиот јазик или е активен во друштвата и заедниците на Република Северна

Македонија во странство. Оттука, со прифаќање на предложените измени за категоријата на лица – второ колено на иселеник, ќе бидат дадени повеќе можности за стекнување на државјанство во однос на самите иселеници и нивните потомци до прво колено.

5.1 Во однос на предложената измена во ставот 2 од истиот член, со која е предвидено зборовите „освен во матичната земја" да се бришат, се укажува дека одредбата на ставот 2 од предметниот член, поблиску го определува терминот иселеник и предвидува дека за иселеник во смисла на овој закон, се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Промената на оваа дефиниција ќе предизвика импликации на досегашната стратешка определба на државата по ова прашање, имајќи предвид дека Република Северна Македонија во периодот на големите преселби особено за Турција, по втората светска војна согласно Џентлменскиот договор меѓу Турција и СФРЈ и други околни држави, била Републиката од која задолжително заминувале за Турција и државјаните на останатите републики во состав на поранешната СФРЈ. Во таа насока, имајќи го предвид големиот број на иселени лица во тој период и нивните потомци, како и големиот интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија кој истите го пројавуваат во изминатиот период, кон ова прашање треба да се пристапи внимателно пред се од стратешки и демографски аспект. Исто така, треба да се има предвид дека за ова прашање донесено е и Решение од Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.114/05), со кое судот одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 8 во делот што се однесува на матичната држава.

6. Во однос на членот 9 од предложениот закон, со кој се врши интервенција во членот 9 од Законот за државјанството на Република Македонија, се укажува дека со постојниот член 9 од Законот, се регулира стекнувањето на државјанство по основ на брак со државјанин на Република Северна Македонија. Предложената измена предвидува покрај досега утврдените услови за редовна натурализација кои овие лица нема потреба да ги исполнат (да престојуваат во Република Северна Македонија 8 години, да го владеат македонскиот јазик и да имаат отпуст од нивното државјанство), дополнително да не го исполнуваат и условот кој предвидува да имаат обезбеден стан и средства за егзистенција. Интенцијата во овој дел на Законот за државјанството на Република Македонија е да се заштити државата од создавање на нови социјални случаи, а со оглед дека предлагачот не го образложил предлогот за наведената измена, во овој момент нема основ за поширок коментар.

7. Во однос на член 10 од предложениот закон, со кој се интервенира во членот 15 од Законот за државјанството на Република Македонија, се укажува дека членот 15 го регулира повторното стекнување на државјанство на лице на кое како малолетно му престанало државјанството на Република Македонија со отпуст и кое може повторно да го стекне државјанството ако до наполнети 25 години живот законски

престојува најмалку три години непрекинато во државата. За предложената измена нема посебни пречки ниту од аспект на Законот за државјанството на Република Северна Македонија, ниту во однос на Европската конвенција за државјанство, меѓутоа треба да се има предвид дека за овие лица не се предвидени никакви други услови освен престојот, па во таа смисла прашање кое се поставува е дали престојот од една година е доволен за целосна реинтеграција на овие лица. Во овој контекст, напоменуваме дека од осамостојувањето до денес, речиси и да нема барања за стекнување на државјанство по овој основ.

8. Во однос на предложените измени со кои се врши усогласување на одредбите од Законот за државјанството на Република Македонија со Уставните Амандмани XXXIV, XXXV, XXXVI и XXXVII („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/19) и со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), се укажува дека истите се содржани во Предлогот на закон за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија, кој во моментов е во собраниска постапка.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

<u>Точка 45</u>

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.29/2020 од 3 декември 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со донесеното решение Уставниот суд на Република Северна Македонија поведува постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) кои се однесуваат институтот „мирување на постапката". Во Решението на Уставниот суд се наведува дека оспорените одредби од Законот за семејството, во делот на постапките во брачните спорови, упатуваат на примена на одредби од Законот за парнична постапка коишто не постојат во правниот поредок, што доведува до правна несигурност, нејаснотии и забуна во практикувањето на правото на субјектите кои се засегнати со конкретната правна проблематика.

Разгледувајќи ги правните аргументи за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството, во следните измени на Законот за семејството ќе се предложи да се изврши усогласување на посебната парнична постапка во брачните спорови со Законот за парнична постапка.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да го има во вид

горенаведеното при донесувањето на одлука во постапката за оценување на уставноста на член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15), согласно Уставот и законите на Република Северна Македонија.

## Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи за купопродажба на недвижен имот со КП 4146, дел 1 и КП 4146, дел 16, запишани во Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1 и КП 4146, дел 2 запишано во Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 48

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 26 декември 2020 година до 1 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ги информираше членовите на Владата дека во периодот што следува се очекува групацијата Светска банка до Владата да достави Пакет за добредојде (Welcome package) кон иницијативата Проект човечки капитал, чии придобивки и значење ќе бидат презентирани на седница на Влада.

Република Северна Македонија треба да се приклучи кон иницијативата на групацијата Светска банка за придружување кон Проектот за човечки капитал. Во рамки на оваа иницијатива земјата ќе добие техничка помош за изработка на оценка на состојбата, но и предлози/насоки за делување преку политики, иницијативи, стратегии за подобрување и унапредување на квалитетот на човечкиот капитал, како и следење на резултати од делување во областа.

Со оглед на важноста и неопходноста од целисходна координација на повеќе министерства и институции, советниците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Ванчо Узунов и д-р Нина Фити Неделковска се назначени за лица за контакт и координација на процесот.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за номинации за формирање на Работна група за подготовка на методологијата за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Инспекторатот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од два дена до Министерството за финансии да ги потврдат претходно номинираните лица од своите институции.

2) Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за статистика и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од два дена до Министерството за финансии да достават номинации за работната група за изготвување на единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди.

3) Се задолжува Министерството за финансии по добивањето на номинациите во рок од 5 пет дена да подготви и за наредна седница на Владата да достави Предлог-одлука за формирање на работната група за изготвување на единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди.

4) Се задолжува Работната група за изготвување на единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди во рок од 60 дена да ја изготви новата Предлог-методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди и преку Министерството за финансии да ја достави до Владата.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето од Центарот за управување со кризи за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за корона-вирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 23.12.2020 до 29.12.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата по Барањето доставено од Министерството за финансии со арх.бр.20-9037/1 од 25.12.2020 година заклучи Заклучокот број 3 од Нацрт-записникот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија (точка 88), а во врска со Информацијата за одржаниот Петнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел да се измени и истиот да гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии, согласно препораките на Европската комисија да обезбеди финансиска независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ја разгледа можноста средствата од административните такси за пријавување на концентрации уплатени од компаниите да се слеваат во буџетот на Комисијата за заштита на конкуренцијата и да ја информира Владата, најдоцна до 1 јули 2021 година.“.

**6.** Владата ја разгледа Листата на движни ствари (информатичка опрема) која се предлага за отпис и расходување од Собранието на Република Северна Македонија и за нивно давање на трајно користење на други институции, без надомест и притоа заклучи:

- Се задолжуваат сите министерства (со посебен осврт на Министерството за образование и наука, во делот на потребите на учениците кои следат настава од дома, како и потребите на училиштата) и органите во нивен состав да ја разгледаат потребата од преземање и користење на овие движни ствари и на наредната седница за истото да ја информираат Владата со цел започнување на постапката за престанок и давање на трајно користење без надомест.

**7.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за финансиска помош од Општина Костајница, Република Српска, Босна и Херцеговина.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на новиот текст на Акцискиот план според наодите и препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 50

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на „Железници на Република Северна Македонија – Транспорт“ АД – Скопје, за период 1 јули – 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со укажувања да се намалат непродуктивните трошоци, со оглед на негативниот финансиски резултат на друштвото, а во предложениот Тримесечен извештај потребно е да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

## Точка 51

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период април-јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 1 јануари 2020 година до 15 декември 2020 година), како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 53**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2019 година, ревидираните финансиски извештаи и Извештајот на независниот ревизор, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во насока да постапи по забелешките дадени од независниот ревизор и да ја информира Владата по однос на преземените мерки и активности за отстранување на констатираните недостатоци.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за остварување на социјалната заштита за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за иницијатива за доделување на признанија на здравствените работници кои се вклучени во справување со пандемијата од Коронавирус COVID-19, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди 7875 плакети/ признанија кои ќе бидат доделени на сите здравствените работници коишто се вклучени во справување со пандемијата од Коронавирус COVID-19.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година предлагачот номотехнички да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на  Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 62**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог-план за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците вработени преку Програма К-5, за наредната седница на Владата.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**